USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

Декември 16[ти], 2010

Канцеларија: +389 (0)2 321 7060
Моб: +389 (0)70 29 34 34
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

# Македонските извозници на свежи производи на деловна мисија во Израел

Програмата АгБиз финансирана од УСАИД, организира четири дневно студиско патување и бизнис со бизнис состаноци во Израел наменети за зголемување на капацитетот на фирмите кои работат со свежи производи во однос на пост-бербени активности и создавање на деловни врски со израелски компании. АгБиз поддржува четири македонски извозници на свежи производи - Виви Пром, ГД Тиквеш, Пеца Комерц и Душан Чириќ, сите членови на Македонската Асоцијација на Агро Извозници, да посетат современи објекти каде се одвиваат пост-бербени активности и да се сретнат со своите израелски колеги. Посетата се одвива помеѓу 13 и 16 Декември 2010 година.

"Пред неколку месеци, особено задоволсто ни беше да бидеме домаќини на делегација на МАШАВ и израелскиот амбасадор во Република Македонија, организиравме посети на неколку македонските фирми, лидери во извозот на свежи земјоделски производи. Посетителите имаа можност да видат дека повеќето од посетените компании користат опрема и технологија со потекло од Израел "; изјави Васко Хаџиевски, Директор на АгБиз Програмата.

Целта на оваа деловна мисија, организирана од страна на израелската агенција за меѓународна соработка-МАШАВ и АгБиз Програмата на УСАИД, е подобрување на разбирањето на учесниците за последните трендови и “know-how” во пред и пост-бербените техники на свежи производи, вклучувајќи ги: ладење, складирање, оценување, пакување и испорака со цел да се задоволат барањата на пазарот, како и да се идентификува можна соработка за градење на расадник за посадочен материјал во Македонија.
Проширување на соработката меѓу АгБиз Програмата на УСАИД и МАШАВ и подготвеноста на фирмите за понатамошно подобрување на пост-бербената технологија, беа мотивите заради што АгБиз го организира ова студиско патување, каде што клиентите можат да научат повеќе за најновите трендови за ракување со свежите производи по берба во Израел и да ги испитаат можностите за заеднички инвестиции.

До денеска, АгБиз програма на УСАИД обезбеди подршка на 221 фирми од агробизнисот, 26 организации на производители, обучи преку 1500 лица, им помогна на фирмите да потпишат нарачки за извоз во вредност од 12,4 милиони Евра и помогна на 40 компании од агробизнисот да пристапат до финансии во вредност од околу $7 милиони американски долари. За повеќе информации, посетете ја: www.agbiz.com.mk.

ЗАБЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ: **Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано над 500 милиони долари во Македонија од 1993 година.** УСАИД имплементира проекти кои креираат нови работни места, ја редуцираат корумпираноста и ги подготвуваат македонските студенти за новата работна сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и поддржат транзицијата на Македонија кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 земји. За повеќе информации, посетете ја http://macedonia.usaid.gov.